Октомври 2024
#15

Број 15 | октомври 2024 година

# КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација

ISSN 2671-3772

**Македонска банкарска асоцијација** е асоцијативна членка на **Европската банкарска федерација**

European Banking Federation

Содржина:

- ВОВЕД
  - **Диомидис Николетопулос,** Генерален извршен директор на Стопанска банка АД Скопје
- ЗБОР ИМА
  - **Бехар Емини,** директор на Фондот за осигурување на депозити
- ВО ФОКУС
  - **Сања Гичевска–Докмановиќ,** координатор во Секторот за управување со ризици и планирање, Комерцијална банка АД Скопје
  - **Катерина Јовановиќ,** Клириншка куќа КИБС

## ВОВЕД

**ДИОМИДИС НИКОЛЕТОПУЛОС,**
ГЕНЕРАЛЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ



## Долгогодишна доверба и посветеност – Одбележуваме 80 години Стопанска банка

Почитувани читатели,

Одбележувајќи го 80. јубилеј на Стопанска банка, со гордост се навраќаме на долгогодишната традиција како Банка со најдлабоки корени на македонскиот пазар. Осум децении ние сме постојан партнер на граѓаните, бизнисите и заедниците во нашата земја, поддржувајќи го нивниот раст и приспособувајќи се на променливиот финансиски систем.

Овој значаен јубилеј не е само признание за историјата испишана од голем број вработени со истакнати кариери, туку е и обновување на нашата посветеност кон вас - нашите лојални клиенти и штедачи. Вашата доверба секогаш била движечката сила зад постојаниот раст на Банката, овозможувајќи ни да понудиме иновативни, сигурни и достапни финансиски решенија, како тим. Остануваме посветени на обезбедување сигурност и стабилност, кои се потребни за зачувување на вашата финансиска иднина.

Продолжува на следната страница...

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација

Октомври 2024
#15

Број 15 | октомври 2024 година

# КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН

ISSN 2671-3772

**Македонска банкарска асоцијација** е асоцијативна членка на **Европската банкарска федерација**

EBF European Banking Federation

Содржина:


- **Тања Михајловска-Димитриевска,** директор на Внатрешна ревизија во Инвестициска банка на Обединетото Кралство
- **д-р Горан Ковачев,** раководител на Служба за план и анализа, Развојна банка на Северна Македонија

- СОРАБОТКА СО
  - **ИСОС – Институт на сметководители и овластени сметководители**
- РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ
- ЕДУКАТИВНО КАТЧЕ
- КОРИСНИ ЛИНКОВИ


## ВОВЕД



Уверен сум дека депозитите на населението се темел на финансиската стабилност, не само за граѓаните туку и за целиот банкарски систем. Затоа, во Стопанска банка посветено работиме да понудиме сигурни начини на штедење за вашата иднина, кои ќе ве поттикнат да ги остварите вашите соништа и да ги заштитите вашите средства.

На крајот од октомври се одбележува Меѓународниот ден на штедењето, па би сакал да упатам срдечни честитки до сите штедачи во земјата и да им честитам и на најдобрите вработени од банките кои МБА секоја година ги прогласува, мотивирајќи ги за понатамошни успеси и остварувања.

Притоа, би сакал да ја искористам оваа пригода да ѝ честитам на Македонската банкарска асоцијација. Вашите активности обезбедуваат поддршка, афирмација и раст на банкарските професионалци на локално ниво и го унапредуваат целиот сектор. Вашата посветеност обезбедува банкарскиот сектор континуирано да има клучна улога во напредокот на економијата.

За крај, ќе го посочам тоа што интерно го нагласивме во оваа јубилејна година – дека и во иднина Стопанска банка ќе ги задржи своите основни вредности, а тоа се: доверба, иновации и стремеж кон обезбедување врвна услуга за клиентите. Заедно со вас, нашите ценети клиенти, штедачи и со целата банкарска заедница, ќе градиме посилна, просперитетна иднина.

Да прославуваме уште многу достигнувања и нови поглавја во банкарскиот сектор! Ви благодариме за вашата непоколеблива поддршка, доверба и лојалност кон овој генерациски бренд – Стопанска банка. ■

*Со почит,*

***Диомидис Николетопулос***

*генерален извршен директор на Стопанска банка АД - Скопје*

**БЕХАР ЕМИНИ**,
ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

# ОСИГУРУВАЊЕТО НА ДЕПОЗИТИ ВО 2024 ГОДИНА – Глобални трендови и клучни прашања



Осигурувањето на депозити претставува еден од трите столба на финансиската стабилност во секој развиен економски систем, заедно со регулаторите и супервизијата на банкарскиот систем. Во Република Северна Македонија, Фондот за осигурување на депозити функционира како систем за осигурување на депозитите на физичките лица во банкарскиот систем од 1997 година, прво како акционерско друштво на банките и штедилниците, т.е. Фонд за штедни влогови, а подоцна од 2000 година како Фонд за осигурување на депозити во целосна сопственост на државата.

Од почетокот на глобалната економска криза предизвикана од воениот конфликт во Украина, значително се истакна улогата која системите за заштита на депозитите ја имаат на глобално ниво. Во светски рамки интензивно се работи на усовршување на „Основните принципи за осигурување на депозити" – IADI Core Principles, како и на подобрување на Европската директива за гарантни шеми за осигурување на депозити - Directive 2014/49/EU of the European Parliament and of the Council.

Инфлацијата и повисоките каматни стапки претставуваат сериозни предизвици за системите за осигурување на депозити на глобално ниво, особено бидејќи овие

Продолжува на следната страница...

макроекономски услови ја намалуваат реалната вредност на осигурените депозити. Инфлацијата ја намалува куповната моќ на осигурените депозити, правејќи ги претходните прагови на обесштетување потенцијално неадекватни за целосна заштита на депонентите. Затоа, многу осигурители на депозити размислуваат за приспособување на лимитите на покритие за да се одржи соодветната заштита на заштедите.

Дополнително, повисоките каматни стапки може да создадат дополнителен притисок врз банките, особено ако корисниците на кредити имаат тешкотии да ги исполнат своите долгови, што може да доведе до зголемен ризик од неуспеси на банките. Ова дополнително ја зголемува важноста на системите за осигурување на депозити за одржување на финансиската стабилност.

Во изминатата деценија **глобален тренд во осигурувањето на депозитите беше проширувањето на нивните мандати**, од „кутија за исплата“ во „кутија за исплата – плус“ ("pay-box" и "pay-box plus"). Имено, улогата на осигурителите на депозити во одлучувањето за решавање на банките продолжува да се проширува со текот на времето. Ова главно е поттикнато од зголемената улога на осигурителите на депозити во финансирањето на решавањето на банките.

Клучна улога на секој осигурител на депозити е брзата исплата на обесштетување на депонентите во банката или штедилницата каде што настанал ризичен настан. Брзината на исплатата на обесштетувањето сè уште претставува голем предизвик дури и за најсовремените осигурители на депозити во светски рамки. Целта е тој рок да се сведе на 7 работни дена од денот на настанување на ризичен настан. За да се постигне оваа цел, потребна е целосна подготвеност и континуирано следење на депозитите од страна на осигурителите на депозити пред настанување на ризичен настан. Постои зголемен фокус на подобрување на брзината и ефикасноста на обесштетување на депозитите на депонентите. Многу земји се стремат да го постигнат целосното враќање на депозитите во рок од седум дена, што е амбициозна цел која бара подобрена координација меѓу институциите и технолошките иновации.

Дигитализацијата, исто така, влијае врз системите за осигурување на депозити. Подемот на дигиталните валути издадени од централни банки и стабилните криптовалути (stablecoins) отвораат нови дискусии за тоа како овие нови финансиски производи треба да бидат покриени во рамките на системите за осигурување на депозити. Ова претставува предизвик бидејќи овие производи сè уште се нови и не се целосно регулирани во многу земји.

**Долгорочните трендови на финансирање на осигурителите на депозити** не се значително променети во последната деценија. Имено, осигурителите на депозити продолжуваат да се финансираат главно ex-ante, и тоа преку наплата на премии пресметани врз основа на ризичност. Трендовите во нивото на покриеност на осигурителите на депозити се различни и зависат од начинот на пресметка. Во најголем дел, нивото на покриеност се пресметува како стапка помеѓу вкупните средства на осигурителите на депозити и вкупниот износ на осигурени депозити во банкарскиот систем во државата. Кај државите со високи приходи забележано е дцениско намалување на покриеноста со осигурување на депозити според вкупната вредност на депозитите. Сите осигурители на депозити треба да се водат кон принципот: „ограничена покриеност која опфаќа покритие на големо мнозинство депоненти, но и значителен износ на депозити да се остави на пазарна дисциплина“.

Во 2024 година помеѓу осигурителите на депозити се поставуваат четири важни прашања, и тоа:

- клучните елементи на дизајнот на системот за осигурување на депозити, вклучувајќи покривање и финансирање;
- релевантноста за финансиската стабилност на мерките за управување со решавање на банките и континуиран пристап до депозитите;
- дигитализација, која доаѓа со ризици, но и со перспективи за осигурителите на депозити; и
- важноста на системите за осигурување на депозити кои работат во синергија со супервизија, решавање на банките и финансирање на решавањето на банките.

Системот за осигурување на депозити во Република Северна Македонија делумно е усогласен со „Основните принципи за осигурување на депозити“ – IADI Core Principles и Европската директива за гарантни шеми за осигурување на депозити - Directive 2014/49/EU.

Во текот на последните две години интензивно се работи на креирање нова законска регулатива која цврсто и целосно ќе биде приспособена кон европските правила и трендовите на развиените земји. Законот за решавање на банките веќе му дава мандат „кутија за исплата - плус“ на Фондот за осигурување на депозити, а во блиска иднина очекуваме и целосно спроведување на трендовите како брза исплата на обесштетување, дигитализација и синергија со сите регулаторни политики, а со цел јакнење на довербата во банкарскиот сектор и стабилност на финансискиот систем во Република Северна Македонија. ▪

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација
Октомври 2024
#15
КВАРТАЛЕН
е-БИЛТЕН

ВО ФОКУС

# ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ врз банките, компаниите и економијата



*Пишува:*
**Сања Гичевска-Докмановиќ**,
координатор во Секторот за управување со ризици и планирање,
Комерцијална банка АД Скопје

**„Кога ќе пресуши бунарот, дознаваме колку вреди водата“**
Бенџамин Френклин

Климатските промени се една од најголемите закани со кои се соочува човештвото. Луѓето ги чувствуваат ефектите од климатските влијанија првенствено преку екстремните временски настани, загадувањето на воздухот, принудното раселување, зголемен недостиг на храна или драстично зголемени цени на прехранбените производи. Од макроекономски аспект, климатските промени влијаат и може да ја загрозат стабилноста на цените. Во светски рамки, сведоци сме на голем пораст на цените на кафето, какаото, маслинките и маслиновото масло и други култури поради последиците од екстремните временски настани и влијанието на климатските промени врз земјоделските практики. Резултатите од неодамнешната студија[1] на Институтот за истражување на климатските влијанија во Потсдам и Европската централна банка за врската помеѓу глобалното затоплување и инфлацијата покажуваат дека **зголемувањето на просечните температури би можело да ја зголеми инфлацијата на храната** до 3,2 процентни поени годишно, додека вкупната инфлација би можела да се зголеми до 1,18 процентни поени на годишно ниво до 2035 година.

Иако е неоспорна важноста на сите ЕСГ-компоненти, сепак, во последните години како особено значајно се издвојува **справувањето со климатските промени и нивните последици**, како и потребата од зголемување на зелените инвестиции.

Како клучни институции во финансискиот систем на секоја земја, банките придонесуваат за растот и развојот на целокупната економија користејќи ја својата улога како финансиски посредници. Во секојдневното работење и кредитирањето сè поевидентна е зголемената свесност на банките за потребата да се имаат предвид ризиците и можностите што произлегуваат од влијанието на климатските промени, но и севкупно од имплементацијата на ЕСГ-практиките. Сè повеќе истражувања и анализи, вклучително од McKinsey & Company, MSCI и други, посочуваат дека компаниите кои успешно ги интегрираат ЕСГ[2] практиките остваруваат зголемен раст и профитабилност во споредба со своите конкуренти. Има една изрека која вели дека времето е немилосрден судија и ќе покаже дали усвојувањето добри ЕСГ-практики е „помодарство“ и минлив тренд или, пак, претставува суштина на долгорочното одржливо работење. Во секој случај, концептот на ЕСГ е тука за да остане и несомнено уште долго ќе биде една од најактуелните теми во деловното опкружување во светски рамки.

## КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА

Физичките ризици поврзани со климатските промени се јавуваат како резултат на екстремни временски настани, како топлотни бранови, поплави, лизгање на земјиште, пожари (акутни климатски ризици) или долгорочни климатски промени, како зголемување на просечните температури, промени во врнежите и намалена достапност на водата (хронични климатски ризици). Местоположбата на нашата држава ја прави подложна на одредени природни и климатски опасности, како што се: поплави, шумски пожари, топлотни бранови, земјотреси, недостиг на вода и лизгање на земјиштето.

Земјоделството, кое е еден од најизложените сектори на климатските влијанија, отсекогаш било важна економска дејност со повеќедимензионално значење за македонската економија и население и консеквентно на тоа, последиците од овие промени се чувствуваат и ќе се чувствуваат и во нашето опкружување. Некои домашни традиционални култури се на пат кон исчезнување

[1] Извор: Global warming and heat extremes to enhance inflationary pressures, https://www.nature.com/articles/s43247-023-01173-x.
[2] Кратенка од англискиот термин Environmental, Social and Governance, што означува збир од фактори поврзани со животната средина, социјални и управувачки фактори.

Продолжува на следната страница...

## ВО ФОКУС




и сè поретко се садат поради драстично намалените приноси, а како најголем виновник земјоделците ги посочуваат токму климатските промени. Така, наместо од домашно производство, недостигот на одредени земјоделски култури кои традиционално успевале на домашниот пазар се покрива со увоз од соседни или подалечни земји, што пак влијае врз трговскиот биланс на земјата.

Кај производствените компании, недостигот на одредени суровини кои се чувствителни на климатски промени може да ги наруши синџирите на набавка и процесот на производство, додека драматичниот пораст на цените на некои суровини и енергенти води кон намалени профитни маржи на компаниите и потреба од позначително зголемување на цените на финалните производи кои ги плаќаат потрошувачите. Зголемените цени на финалните производи од своја страна влијаат врз инфлацијата и се одразуваат негативно врз куповната моќ на населението, поради што потрошувачите може да се одлучат да ја намалат потрошувачката и да предизвикаат намалување на приходите од продажба на компаниите. Ваквите социо-економски промени понатаму индиректно влијаат и врз банките преку намалување на кредитната способност на клиентите, влошување на макроекономското опкружување и пораст на ризиците на кои се изложени во своето работење.

Од друга страна, се отвораат можности за развој на иновативни решенија, воведување зелени технологии и финансирање мерки кои придонесуваат за подобрување на животната средина, градење зелена, отпорна и одржлива економија. Во секторот земјоделство ова првенствено се однесува на финансиска поддршка на мерки за заштита на земјоделските култури од екстремни временски настани, воведување современи практики на одгледување здрава и безбедна храна, замена на неефикасна механизација, рационално искористување на расположливите водни ресурси, како и заштита од поплави.

### НОВИ ЈАГЛЕРОДНИ ДАВАЧКИ

Покрај изложеноста на екстремни временски појави и долгорочни промени на временските услови, присутни се и т.н. транзициски ризици поврзани со климатските промени кои произлегуваат од промени во законската регулатива, технолошки, пазарни или промени во однесувањето на потрошувачите. Од овој сет на ризици, домашните компании особено внимание треба да

Продолжува на следната страница...

посветат на **воведувањето на механизмот за јаглеродно прекугранично приспособување** (англ. Carbon Border Adjustment Mechanism - CBAM)[3] на ЕУ и обврските што тој ги наметнува. Оваа јаглеродна давачка на ЕУ засега опфаќа 6 групи на производи: **цемент, железо и челик, алуминиум, ѓубрива, електрична енергија и водород**, со план за потенцијално проширување на опфатот и на повеќе други сектори. Домашните компании од овие сектори кои извезуваат стоки во ЕУ во овој преоден период треба да ги почитуваат обврските за известување за нивните директни и индиректни емисии, додека финансиските импликации е предвидено да започнат од 2026 година. Анализирано по сектори, оваа мерка особено ги засега домашните производители на железо и челик, со оглед на значителниот удел во македонскиот извоз, особено во земјите на ЕУ.

Оваа јаглеродна давачка се очекува да влијае врз цената на македонските производи кои се извезуваат во ЕУ, што може да резултира со намалување на извозот во Унијата. Македонските компании засегнати од овој механизам треба да воспостават систем за пресметка на јаглеродните емисии содржани во нивните производи, вклучувајќи ги и своите добавувачи, што понатаму може да влијае врз воспоставените синџири на набавка. Исто така, во овој преоден период особено е битно засегнатите компании да ги анализираат можностите за вложување во нови производни технологии кои би ги намалиле вредностите на јаглеродните емисии, како и инвестиции во обновливи извори на енергија, со цел да плаќаат пониски јаглеродни давачки и да ја подобрат конкурентската позиција на единствениот пазар на ЕУ. На позитивната страна, голем дел од македонските компании од засегнатите сектори се веќе подетално запознаени со обврските што ги наметнува CBAM и дел од нив активно работат на имплементација на мерки за зголемена енергетска ефикасност, нови технологии во производството, намалување на отпадот и премин кон циркуларна економија и други одржливи решенија.

## КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И БАНКИТЕ

Важноста на климатските промени и потребата од преземање конкретни чекори за справување со нивните последици веќе одамна се препознаени од регулаторот. Така, уште во 2020 година Народната банка првпат ги истакна зелените финансии како област со висок стратегиски приоритет. Оттогаш, преземени се повеќе иницијативи и активности на ова поле кои ја отсликуваат нејзината јасна определба за придонес кон градење зелена и одржлива економија. Во **Среднорочниот план на активностите во доменот на управување со ризиците поврзани со климатските промени за периодот 2023-2025 година**, Народната банка ги има објавено планираните активности на ова поле за следниот период, додека во објавените **Насоки за начинот на управување со ризиците поврзани со климатските промени** е опфатен целокупниот процес и активности кои банките би требало да ги имплементираат за успешно управување со овие ризици.

Кај банките, исто како и кај регулаторот, постои зголемена свесност за ризиците поврзани со климатските промени како извор на финансиски ризик. Поради тоа, најголем дел од домашните банки почнаа да преземаат **активности за ревидирање и унапредување на своите интерни процеси, модели и системи**, со посебен акцент на прибирањето и обработката на потребните податоци, воспоставувањето сеопфатен процес за управување со овие ризици и одобрувањето на нови кредитни изложености. Покрај тоа, сè почесто банките преземаат **проактивна улога во поттикнувањето на своите клиенти** да ја препознаат потребата од транзициски планови со цел да ја намалат нивната изложеност на климатските ризици и работат на продлабочување на соработката, особено со клиенти од т.н. високоемитирачки сектори.

Патот до постигнување економија со ниски јаглеродни емисии е долг и исполнет со многубројни предизвици, но само со здружен напор на сите засегнати страни во општеството оваа цел може да биде постигната. Позитивен пример за соработка во нашето општество во областа на поттикнувањето и промовирањето на одржливите финансии е формирањето на **Комисијата за ЕСГ во Македонската банкарска асоцијација** во втората половина од минатата година и нејзиното активно дејствување во изминатиот период. Во рамките на Комисијата, претставниците на банките и други финансиски институции заеднички работат на создавање поволна средина за премин кон зелена и одржлива економија и успешно управување со ЕСГ-ризиците.

Секако, покрај придонесот на финансискиот сектор, потребна е навремена колективна акција и синхронизиран настап на клучните чинители во сите сфери со цел да се избегнат или намалат последиците од климатските промени што ни претстојат. Да бидеме подготвени за она што следува. Впрочем, и дедо Ное го изгради бродот пред да почнат дождовите. ■

[3] Механизмот стапи во сила во октомври 2023 година како дел од Fit for 55 пакетот на ЕУ

ВО ФОКУС

# Развојот на доверливите услуги и електронската идентификација: Клуч за дигиталната трансформација на општеството



*Пишува:*
**Катерина Јовановиќ**,
Клириншка куќа КИБС

Во последните две децении дигитализацијата значително го промени функционирањето на компаниите, институциите и општествата. Почетоците на електронските документи се поврзани со развојот на компјутерската технологија, но нивното официјално признавање како правни документи започнува во 90-тите години со воведувањето на електронскиот потпис и дигиталните сертификати. Традиционалните хартиени процеси се заменуваат со дигитални решенија кои нудат поголема ефикасност, заштеда на време и на трошоци, како и зголемена безбедност.

Концептот на работа без хартија, поддржан од доверливи услуги како електронски потпис, електронски печат, временски жиг и електронска идентификација, станува клучен за модерното деловно работење. Првиот голем чекор кон формализација на дигиталните сертификати за електронски потпис во Европа беше Директивата за електронски потписи од 1999 година (1999/93/ЕС), која постави основа за правно признавање на електронските потписи и сертификати. Подоцна, оваа директива беше заменета со регулативата eIDAS (Regulation (EU) No 910/2014), која воведе единствен правен и технички стандард за доверливите услуги низ Европската Унија, овозможувајќи унифицирано користење на дигитални сертификати за автентикација и правна сигурност.

Со регулативата eIDAS беше воведен и концептот на Квалификуван давател на доверливи услуги (QTSP), што значи дека овие даватели мора да бидат сертифицирани и да ги исполнуваат строгите безбедносни стандарди. Р. Македонија ги следи европските и глобалните трендови во оваа област. Во 2019 година беше донесен Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, кој ги применува принципите на eIDAS, особено во делот на квалификуваниот електронски потпис.

КИБС започна со работа како прв давател на доверливи услуги во Македонија во 2003 година. Денес, преку брендот KIBSTrust, КИБС нуди разновидни квалификувани доверливи услуги, значително придонесувајќи кон дигитализацијата на процесите во општеството.

Сертификатот за електронски потпис е дигитална потврда што го поврзува електронскиот потпис со одредено лице или правен субјект. Тој служи како доказ дека потписот припаѓа на потписникот, обезбедувајќи правна сигурност и интегритет на документот. Постојат различни типови електронски потписи, класифицирани на следниов начин:

**Едноставен електронски потпис (SES)**: Едноставна форма на потпис, не е поврзан со сертификат и може да биде слика или скен од рачен потпис. Лесен е за употреба, но не обезбедува висока безбедност и може да се фалсификува. Се користи за неформални договори и согласности за прифаќање услови при користење на некоја услуга.

**Напреден електронски потпис (AES)**: Обезбедува повисоко ниво на безбедност и автентикација и е поврзан со сертификат за електронски потпис. Гарантира интегритет на документот и го потврдува идентитетот на потписникот. Се користи во документи со поголема правна важност.

**Квалификуван електронски потпис (QES)**: Има исти карактеристики како напредниот електронски потпис, но мора да биде издаден од квалификуван давател на доверливи услуги и создаден со безбедно средство за електронско потпишување, добро познатите PKI Токени на КИБС. Овој потпис е неопходен за документи со висока правна важност, како што се договори за недвижности, финансиски договори и трансакции.

Изборот на тип на електронски потпис зависи од правната и деловната важност на документите. За секојдневни

Продолжува на следната страница...




документи може да биде доволен едноставен потпис, додека за документи со поголем ризик или правна тежина, потребен е напреден или квалификуван потпис.

Сертификатот за електронскиот печат е дигитален еквивалент на традиционалниот печат, користен од правни лица (компании, институции) за да гарантира автентичност и интегритет на електронските документи. За разлика од електронскиот потпис, кој е врзан за физичко лице, електронскиот печат е поврзан со правно лице.

Со долгогодишно искуство и примена на највисоките стандарди за доверливост, **KIBSTrust** се етаблира како лидер во полето на квалификувани доверливи услуги и има јавно овластување за издавање **квалификувани и напредни електронски потписи и печати** познати под името **Verba Sign** и **Verba Seal**.

KIBSTrust го нуди и **временскиот жиг Momentum**, временскиот жиг е електронска потврда која користи сертифициран часовник за да го потврди точното време на настан или дејство. Тој обезбедува сигурен запис за времето на потпишување на документот, што ја зголемува сигурноста на електронските документи кога се користи заедно со електронскиот потпис.

Оваа комбинација го зголемува правниот степен на доверба и гарантира дека документот ќе биде прифатен како валиден и автентичен во секоја ситуација.

Во 2021 година, како дел од нашите напори за воведување иновативни решенија во полето на дигиталната доверба, ја регистриравме **шемата за електронска идентификација со високо ниво на сигурност под името OneID**. OneID е решение кое овозможува безбедна автентикација и идентификација на корисници во електронски системи, обезбедувајќи високо ниво на доверба и заштита на личните податоци. Во рамките на ова средство за електронска идентификација се издава и **квалификуван сертификат**, кој овозможува корисникот да потпишува документи преку мобилна апликација. Дополнително, електронскиот идентитет OneID е усогласен со регулативите за спречување перење пари и законот за заштита на лични податоци.

Како резултат на долгогодишното искуство и потребата за интегрирано решение за електронско потпишување, KIBSTrust го разви **SignPlus** – портал за електронско потпишување кој овозможува брзо и лесно дигитално потпишување на документи. **SignPlus** е наменет за индивидуални корисници, компании и јавни институции кои сакаат да го поедностават процесот на потпишување и истовремено да ги задржат високите стандарди за безбедност и правна валидност на електронските документи. Платформата нуди можност преку креирање работни текови да се потпишува со **напредни и квалификувани електронски потписи** од каде било и од кој било уред во зависност од потребата на корисниците.

Развојот на доверливи услуги и електронската идентификација играат клучна улога во дигиталната трансформација на општествата. Придобивките од овие технологии се непроценливи – од поголема ефикасност и намалени трошоци до правна сигурност и заштита на податоците. Во иднина, дигитализацијата ќе продолжи да биде двигател на промени, овозможувајќи подобра интеграција на технологиите во секојдневниот живот. ■

ВО ФОКУС

# Ефекти од културата на ризици врз банкарската индустрија



Пишува:
**Тања Михајловска-Димитриевска**,
директор на внатрешна ревизија
во Инвестициска банка
на Обединетото Кралство

Кризата во банкарскиот сектор од 2023 година ја потенцира потребата од засилена транспарентност на факторите што влијаат врз оперативните загуби и репутациските ризици во банките, како квалитети што инхерентно се промовираат во средини со силна култура на управување со ризици. Организациската култура на банките се смета за еден од столбовите на нивната сигурност и стабилност. Во банкарскиот сектор се случија неколку скандали што можат да послужат како вистински показател за штетното влијание на одредени културолошки аспекти врз успешноста и угледот на финансиските институции, а со тоа и врз довербата во стабилноста на финансискиот систем, како што се следниве примери:

- Банкротот на Lehman Brothers покажа како културата на преземање ризици и прекумерното изложување може да имаат катастрофални последици. Lehman Brothers имаше култура на промовирање високоризични инвестиции без адекватно управување со ризикот, што предизвика финансиска криза со далекосежни последици врз глобалната економија.
- Скандалот LIBOR во Обединетото Кралство обелодени култура на конспиративност и недостиг на транспарентност во банките, при што дилерите и извршниот менаџмент се здружуваат со цел конспиративно манипулирање со стапката на LIBOR заради остварување лична корист.
- Silicon Valley Bank настрада поради фундаментални слабости кај менаџментот на банката - нејзиниот Одбор им даде приоритет на краткорочните добивки пред ефективното управување со ризици.
- Падот на Credit Swiss и нејзиното последователно преземање од страна на UBS. Credit Swiss беше казнета од американските власти за помагање на клиентите при затајување даноци, со што стана првата швајцарска банка што се соочи со кривична пријава поради непреземање мерки за спречување перење пари, а беше казнета и од властите во Обединетото Кралство откако беше фатена во скандал со поткуп во Мозамбик. Ова јасно покажува како организациската култура на банката влијаела врз нејзиниот конечен колапс.

И покрај обемните регулаторни реформи по финансиската криза во 2008 година, финансиските институции сè уште се соочуваат со значителни проблеми, како што се измами и етички недолично однесување. До 2020 година финансиските институции платиле над половина милијарда долари за казни. Студијата на Школата за бизнис при „Харвард“ од 2019 година за 500. најбогати компании откри дека во компаниите, во просек еднаш неделно има повеќе од два случаи на докажано недолично однесување.

## БАНКАРСКИ РЕГУЛАТОРИ И СУПЕРВИЗИЈА НА КУЛТУРАТА

Експертите за управување со ризици се сè погласни за тоа дека традиционалните методи на наметнување формални правила и строго придржување кон функцијата на усогласеност се недоволни сами по себе. Како одговор на тоа, финансиските институции, поттикнати од регулаторите како Federal Reserve Bank of New York, European Central Bank, Financial Conduct Authority на Обединетото Кралство, Централната банка на Холандија и Австралиската Prudential Regulatory Authority, почнаа да применуваат и дополнителен пристап познат како супервизија на однесувањето и културата. Овој пристап го зема предвид професионалниот контекст на вработените, како што се динамика на тимот, лидерство, цели

Продолжува на следната страница...

и процеси, и тоа како овие околности, честопати ненамерно, можат да доведат до лоши резултати за финансиските институции, нивните вработени, клиентите и општеството.

Со цел да се разбере проактивното управување со бихевиоралните ризици во една компанија, за да се подобри нејзината отпорност и да се надмине непрофесионалниот однос, супервизорите посветуваат сè поголемо внимание на процесите на носење одлуки и начинот на однесување како основен аспект на корпоративното управување. Супервизорите од различни јурисдикции се фокусираат на бихевиоралните ризици и развиваат нови алатки и практики за идентификување на ниско ниво на организациска култура и изнаоѓање начини да се влијае врз нејзино унапредување. Ова е релативно нов пристап кој се фокусира на идентификување аспекти во организациската култура што можат да доведат до неетичко однесување идентификувано како „проблем во кошницата" наместо вршење едноставен мониторинг со цел да се открие „лошото јаболко" ('it is not about the bad apple, it is about the barrel').

За разлика од традиционалните практики, според кои финансиската индустрија се бореше против недоличното однесување со зголемување на контролите и дисциплинските мерки, сега фокусот е на управување со бихевиоралните ризици за да се поттикне подобрување на организациската и културата на ризици и да се спречат идни проблеми со несоодветно однесување.

Кевин Стирох, извршен потпретседател на Federal Reserve Bank of New York и раководител на Групата за супервизија, истакна дека исходот од високите бихевиорални ризици, со текот на времето, го намалува нивото на култура во организацијата, ја оштетува компанијата и кредибилитетот на индустријата. Непрофесионалното однесување на вработените, кое вклучува незаконско, неетичко или однесување кое не е во согласност со корпоративните политики, станува значителен ризик. Одговорноста за подобрување на културата на компаниите и намалување на овие ризици првенствено лежи во самите компании и нивните одбори на директори. Меѓутоа, бидејќи несоодветното однесување може негативно да влијае и врз поширокиот финансиски систем, може да се заклучи дека недоволно се инвестира во справувањето со ризиците како од поединците така и од компаниите. Оваа недоволна инвестиција подразбира дека мерките се многу помали од она што е потребно за постигнување општествена благосостојба. Ризикот од несоодветно однесување ја загрозува супервизорската цел за одржување ефикасни финансиски услуги, правејќи го императив за супервизорите да промовираат силни внатрешни практики кои го ублажуваат недоличното однесување и поддржуваат здрава корпоративна култура.

Исто така, потпретседателот на Надзорниот одбор на European Central Bank (ECB), Френк Елдерсон, на 10. конференција за Банкарската унија, во септември 2023 година, образложи дека ECB го смета однесувањето и културата во банките врз кои врши супервизиски надзор како важен сегмент од нивната севкупна супервизорска оцена. Тој напомена дека супервизијата на однесувањето и културата во банките често претставува поголем предизвик отколку традиционалната супервизија базирана на квантитативно мерење. Ова е поради фактот што иако билансите често се проверуваат со „соколово" око, сепак, културата е таа што прва ги најавува потенцијалните проблеми.

ECB при вршење на процените ги зема предвид и двата сегмента: „хардверот" на управувањето на банките – нивните политики, поставеноста и составот на раководните тела; како и особено важно „софтверот" – односно како луѓето се однесуваат во структурите на управување. Двата вида процени што ги спроведува се:

- **Процена на ефективноста и динамиката на Управниот/Надзорниот одбор** - која ги разгледува структурните и културолошките елементи на органите на управување, преку набљудување на нивната работа и квалитетот на дебатата, како и предизвиците во рамките на тие структури.
- **Процена на културата на ризици** – која има цел да покаже каква е генералната етичка клима во организацијата („tone from the top"), бидејќи тоа игра клучна улога во воспоставувањето култура на претпазливо преземање ризици во институцијата. Во рамките на оваа процена се идентификува дали членовите на одборот го следат декларираниот сет на вредности и норми на банката при нивното одлучување. Како дел од процената се интервјуираат членовите на Одборот или претставниците на деловната мрежа со цел изведување издржан заклучок. Во некои

Продолжува на следната страница...

банки се забележува дека културата на највисокото ниво не е доволно пресликана на средното ниво на раководство и на нивото на вработени. Во други случаи, недоволното потенцирање на важноста на усогласеноста и ризиците на највисоко ниво водат до незадоволително посветување внимание и несоодветно приоретизирање на ризиците низ целата организација.

За супервизорите низ светот, овие процени претставуваат јадро на нивната улога како супервизори, согласно меѓународните стандарди, ЕУ-законодавството и упатствата што се во сила. Имено, начелата за корпоративно управување на Базелскиот комитет за супервизија на банките вклучуваат специфично начело (Начело 13) за улогата на супервизорскиот орган во оценувањето на корпоративното управување. На ниво на ЕУ-законодавството, Директивата за капитални барања наложува банките да воспостават цврсто корпоративно управување и менаџирање на ризиците.

## ПРИСТАП ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НЕПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Управувањето со бихевиорални ризици вклучува препознавање и работење на „аспектите кои се однесуваат на тоа како и зошто правиме нешто“, односно на моделите на однесување и двигателите кои може да доведат до лоши резултати за организацијата, нејзините вработени, клиентите и општеството. Овие лоши резултати може да се должат на несоодветно однесување, или на проблеми поврзани со финансиски криминал, оперативни прашања или, на пример, кредитни ризици. Во бихевиоралниот пристап на управување со ризиците менаџерите ги анализираат двигателите за тоа како се прават работите во организациите, како што се процесите, процедурите, стимулациите и динамиката помеѓу тимовите, со цел да ги идентификуваат елементите што предизвикуваат ризично однесување. Разгледувањето на овие елементи им помага на организациите да добијат поширока слика, што пак им олеснува на вработените да го прават она што се очекува од нив.

Тим на вработени кои тргуваат со хартии од вредност, кој во најголем дел се состои од премногу самоуверени професионалци со нереални очекувања за идното финансиско работење, е изложен на висок ризик од неетичко однесување, особено доколку е предводен од менаџер со ниски етички стандарди и висока мотивација за постигнување индивидуални цели за тргување. Ваквото опкружување може да поттикне завист и да ги оправда неетичките дејствија, кои се дополнително поттикнати од силниот групен идентитет. Традиционалните методи на управување, како што се наметнување правила, повремена обука и механизми за следење, како што се снимање на телефонските линии и анонимни телефонски линии, не успеваат да го надминат проблемот со однесување на тимот или да поттикнат поинакво однесување. Научниците што прават истражувања на однесувањето тврдат дека таквиот тим најверојатно ќе се оддаде на ризично однесување без оглед на наметнатите правила, а зголемениот надзор може дури и да го влоши проблемот. Вработените, дури и оние со добри намери, може да се вклучат во несакано или високоризично однесување доколку нивната работна средина поттикнува такви дејствија.

## КАКО ГОЛЕМИТЕ СВЕТСКИ БАНКИ ЈА КОРИСТАТ БИХЕВИОРАЛНАТА НАУКА ЗА ДА СПРЕЧАТ СКАНДАЛИ?

Употребата на бихевиоралната наука за ублажување на ризиците во финансиската индустрија добива сè повеќе значење. Некои од најголемите европски банки - како што се ING Group, Citi Bank, ABN AMRO во Холандија и RBS (NatWest) во Лондон - формираа тимови за бихевиорални ризици. Исто така, и други светски финансиски институции сега го следат примерот со цел да ги идентификуваат „жешките точки“ во однесувањето во нивните организации и да ги разберат основните причини за одредени однесувања на вработените.

Овие внатрешни тимови се состојат од професионалци обучени за организациска психологија и внатрешна ревизија. Тие известуваат директно до главниот внатрешен ревизор, Одборот за ревизија и работат независно при спроведување процени за ризици во однесувањето на ниво на целата компанија и поединечно на деловните единици.

Додадената вредност на овој пристап за ублажување ризици лежи во неговата способност да ги идентификува основните причини за однесување кое доведува до непрофесионален однос, со што се штитат интегритетот и угледот на финансиските институции и потенцијално се избегнуваат скапи регулаторни и правни дејствија. Бихевиоралната наука обезбедува увид и анализи

Продолжува на следната страница...

за двигателите на однесувањето на вработените и организациското влијание.

При користењето на бихевиоралната перспектива за управување со ризици важно е да се разберат основните причини за одредено однесување на работното место и да се земат предвид релевантните двигатели за да се ублажат ризиците и да се креираат мерки за нивно спречување.

Вообичаениот пристап што се користи при спроведување на процената е "deep dive", или длабинска анализа на областите што бараат внимание, со посебен фокус на мали групи (помали од 500 члена) избрани според инпутот добиен од внатрешни и надворешни засегнати страни, вклучително и членовите на внатрешната ревизија, или тимови задолжени за усогласеност, човечки ресурси и правни работи. Овој пристап се фокусира на длабински, микросознанија специфични за одредени „супкултури" каде што може да се појават етички пропусти.

Обично, оценувањето се прави преку следниве пет чекори:

- **Анкети**: Дистрибуирани анкети до целата група што е предмет на процена со одговори кои се рангираат на скалило од „целосно се согласувам" до „воопшто не се согласувам".
- **Доверливи разговори**: Дискусии еден на еден со репрезентативен примерок од вработени за да се откријат типичните модели на однесување и двигатели (т.е. начинот на кој работите се прават тука и зошто).
- **Фокус-групи**: Мали групи до 10 луѓе преку кои се добива генерална слика за моделите на однесување и двигателите.
- **Испитување на формалната средина**: Преглед на политики, процеси, лидерска комуникација, структури на управување и мерење на перформанси.
- **Независни набљудувања**: Присуство на состаноци и набљудување на вработените за да се разбере групната динамика и интеракција.

На сите работни места постои ризик дека начинот на кој луѓето се однесуваат потенцијално може да доведе до негативни деловни резултати. Овој тип ризик се однесува на начинот на кој работите се прават во организацијата и на невидливите двигатели кои лежат во основата на овие однесувања. Станува збор за тоа како се донесуваат одлуките, како луѓето комуницираат, дали се способни да преземат одговорност, како групната динамика и уверувањата го поттикнуваат однесувањето и како тоа може да доведе до однесувања што носат висок ризик.

Чекорите што ги преземаат овие банки како дел од „risk culture assessment" на светско ниво може да се применат и во низа други индустрии, како осигурителни компании, металургија и рударство, фармација итн. Сепак, ова подразбира унапредување на организацијата во насока на достигнување на следното логично ниво, односно директно ангажирање на вработените да ја разберат средината во која работат. Во така поставена работна средина, тимот за процена на бихевиорални ризици може да препорача интервенции за промена на културата на организацијата.

Бихевиоралната наука не само што остава свој белег во справувањето со ризиците, туку ги истакнува и јазот и улогата на лидерството во разбирање на влијанието на културата врз индивидуалното и тимското однесување, и обратно. Затоа, следниот чекор би одел во насока на усвојување долгорочен пристап на менување на културата на компаниите со цел да се обезбеди поддршка и да се поттикне посакуваното однесување на вработените.

Како што можат да потврдат тимовите за бихевиорални ризици во овие европски банки и во регулаторните тела, клучот за спречување на етичките скандали е во тоа да се идентификува ризичното однесување пред да биде предоцна.

Затоа, треба да се разбуди свесноста дека истата културолошка динамика која доведува до ризици од непрофесионално однесување може да влијае и врз други значајни исходи поврзани со различни ризици и деловни одлуки. Компаниите со посилна култура не само што се соочуваат со помалку ризици од несоодветно однесување, туку имаат и тенденција да покажат поголема севкупна издржливост, поголемо задоволство на клиентите, подобар интегритет и благосостојба на вработените и зголемена долгорочна продуктивност. Овие придобивки претставуваат додадена вредност за компаниите и голема е веројатноста дека позитивно ќе влијаат и врз поширокиот финансиски систем и економијата во целост.

Културата го обликува однесувањето, а однесувањето ја обликува судбината на финансиските институции. ▪

Октомври
2024
#15
КВАРТАЛЕН
е-БИЛТЕН

ВО ФОКУС

# Улогата на националните развојни банки во банкарскиот систем – осврт на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје



*Пишува:*
**д-р Горан Ковачев**,
раководител на Служба за план и анализа,
Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

За разлика од класичните приватни комерцијални банки чии зачетоци во формата во која ги познаваме денес се назираат некаде кон крајот на 15 век, јавните развојни банки се релативно нов феномен. Имено, по Втората светска војна, кога се наметна потребата од големи инвестиции во инфраструктурата, а особено во 60-тите години кога на сцена стапува неокејнзијанската економска мисла која се залага за директна државна интервенција во приоритетните економски сектори, сè погласно се заговара поголема улога на јавните развојни банки како контрациклични финансиски институции. Во тој контекст, ако до почетокот на војната постоеле 26 јавни развојни банки и развојни финансиски институции, веќе до крајот на 1975 година нивниот број нараснува на 179, за денес да постојат 536 јавни развојни банки и развојни финансиски институции (од кои 115 во Европа), во над 155 држави од светот.[1]

Во литературата најчесто се прави разлика помеѓу терминот ***јавни развојни банки (Public Development Banks-PBIs)***, кој е поширок и кој ги вклучува развојните банки од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, како и развојните банки во мешана јавно-приватна сопственост, и терминот ***национални развојни банки (National Development Banks-NDBs)***, кој ги опфаќа само развојните банки на национално ниво во целосна државна сопственост. Првите главно се дефинираат како: ***банки кои со мандат даден од нивните држави користат финансиски инструменти за остварување на јавните развојни цели***[2], додека вторите главно се дефинираат како: ***банки формирани од државата со цел да обезбедат долгорочно финансирање на проекти од значење за економскиот развој на државата.***[3]

Оправданост за формирањето и функционирањето на националните развојни банки (НРБ) се бара во фактот што тие најчесто таргетираат специфични економски сектори од важност за државата, односно микро, мали и средни претпријатија (ММСП), извоз, земјоделство, инфраструктура и слично. Притоа, се идентификуваат следниве предности на НРБ: [4]

- олеснување на пристапот до кредити на субјекти од таргетираните сектори;
- овозможување пристап до кредити под поволни услови: пониски каматни стапки, подолги рокови на отплата и грејс-период, креативни форми на обезбедување и слично;
- остварување специфични развојни и/или општествени цели;
- финансирање во период на кризи кои предизвикуваат ликвидносни проблеми во стопанството, т.е. НРБ имаат контрациклична улога, времено супституирајќи го приватниот капитал;
- олеснување во мобилизацијата на приватни средства, преку кофинансирање проекти со деловните банки, синдицирано финансирање, капитално финансирање, гаранции итн.

Во последната деценија постои тенденција фокусот на работењето на НРБ да се пренасочи кон адресирање на прашањата поврзани со климатските цели усвоени со Париската спогодба од 2016 година. Оваа спогодба, прифатена од страна на 196 земји од светот, меѓу другото, предвидува обезбедување финансиски средства за проекти кои ќе овозможат митигација, адаптација и зголемена отпорност на државите на климатските промени или т.н. ***зелено финансирање***.

**Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје (РБСМ)** е единствена национална развојна банка на Република Северна Македонија, формирана во 1998 година,

[1] Peking University, Institute of New Structural Economics: http://www.dfidatabase.pku.edu.cn/
[2] Xu, J. Marodon, R. Ru, X. (2021) - Mapping 500+ Development Banks: Qualification Criteria, Stylised Facts, and Development Trends. NSE Development Financing Research Report.
[3] Jonathan Law (2018) - Dictionary of Finance and Banking (6 edition) Oxford University Press.
[4] Inter-American Development Bank (2013) – Public Development Banks-Toward a New Paradigm.

Продолжува на следната страница...

со посебен закон. Над РБСМ соодветно се применуваат одредбите на Законот за банки освен ако не е поинаку уредено со Законот за РБСМ. Супервизија на работењето на РБСМ во рамките на своите надлежности врши НБРСМ. Во делот на работењето што РБСМ го врши во име и за сметка на државата, надзор врши Министерството за финансии. За своите обврски, РБСМ одговара со сиот свој имот, а според класификацијата на НБРСМ, Развојната банка е во групата на средни банки.

Според Законот, цел на РБСМ е да го поддржува и поттикнува развојот на македонското стопанство во согласност со стратешките политики, цели и приоритети на државата. Основни задачи на РБСМ се: финансирање на развојот на трговските друштва основани во РСМ; поттикнување на извозот; поддршка на мали и средни претпријатија; финансирање на инфраструктурата; поддршка на регионалниот развој; финансирање проекти за енергетска ефикасност, за обезбедување и заштита на животната средина и за обновливи извори на енергија. Како развојна финансиска институција во државна сопственост, Банката се придржува до принципите на неконкурентност, недискриминација и транспарентност во работењето, како и рентабилност, ефикасност и економска оправданост на поддржаните проекти.

Од досегашното искуство, идентификувани се следниве главни предности на РБСМ:

1. Како државна развојна банка, со поддршка на државата **добива пристап до извори на средства од меѓународни кредитори под поволни услови**. Во моментов, РБСМ користи средства од Европската инвестициска банка (EIB), Германската банка за развој (KfW), Француската агенција за развој (AFD) и Банката за развој при Советот на Европа (CEB).
2. **Нуди кредити со исклучително поволни услови**, односно поволните услови од странските извори ги реплицира кон клиентите. Станува збор за фиксни (најчесто пониски од пазарните) каматни стапки, долги рокови на отплата и грејс-период и флексибилно обезбедување.
3. **Го олеснува пристапот до кредити** за субјекти од економските сектори кои се детектирани како важни за државата. За оваа цел, Банката нуди таргетирани кредитни линии за поддршка на извозот, земјоделството и агроиндустријата.
4. **Остварува специфични општествени и развојни цели**. Постојат кредитни линии наменети за самовработување, за поддршка на женско претприемништво, зелена транзиција итн.
5. **Ги финансира компаниите во ситуации на кризи и отежнати услови на работење**. Позната е улогата што РБСМ ја имаше во поддршката на стопанството за време на ковид-19, енергетската и ценовната криза кога можностите за пазарно финансирање беа крајно ограничени.
6. **Воведува и нуди иновативни банкарски производи**. Банката е пионер во доменот на кредитното осигурување, факторингот и портфолио-гаранциите на македонскиот финансиски пазар.
7. **Развива деловен модел ориентиран кон воспоставување партнерски однос со деловните банки** за надминување на разликите во понудата и побарувачката на кредити, особено на кредити со поволни услови.
8. **Во преден план ги става остварувањето на развојните цели на државата и солвентноста** на Банката, наспроти профитабилноста. Банката во сите години од своето постоење работи со умерен позитивен финансиски резултат кој главно се должи на ниската нето-каматна маргина.

Факт е дека Развојната банка целосно го оправдува своето постоење. Во изминатите 25 години со кредити се поддржани проекти во износ од над **1 милијарда евра**. Заклучно со 2023 година, активата на Банката изнесува 300 милиони евра, односно **2,5% од вкупната актива во банкарскиот систем**. Според овој параметар, РБСМ е трета во регионот зад хрватската ХБОР и словенечката СИД. Со 31.12.2023 година, билансното кредитно портфолио изнесува близу 280 милиони евра, комисионото изнесува 57 милиони евра или вкупно **337 милиони евра**. Практично, 8,4% од вкупните кредити на деловните банки пласирани кон нефинансиските друштва се со средства од РБСМ. Со кредитното осигурување, само во последните 5 години Банката поддржала извоз во вкупна вредност од речиси **400 милиони евра** во над 33 земји од светот. Во истиот петгодишен период, преку извозен факторинг е поддржана ликвидноста на извозниците во вкупна вредност од над 20 милиони евра. Паралелно се издаваат и индивидуални, портфолио и царински гаранции, со цел дополнителна поддршка на ликвидноста на компаниите.

Во следниот период РБСМ, како впрочем и другите национални развојни банки, ќе се фокусира кон проекти поврзани со зеленото финансирање и зголемување на свесноста за ризиците врз животната средина, општеството и управувањето (ЕСГ). За таа цел, Банката веќе обезбеди средства во вкупна вредност од 70 милиони евра кои веќе се пласираат во стопанството, со основна стратегиска цел уделот на зелени кредити во кредитното портфолио да се зголеми од 4% во 2023 година на 35% во 2026 година. Развојната банка и понатаму ќе биде промотор на извозот и поддршка на домашните компании во нивниот раст и една од клучните институции на државата за остварување на развојните стратегиски цели. ■

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИСОС – Институт на сметководители и овластени сметководители

**Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (ИСОС) е независна, неполитичка, непрофитна, професионална организација во која членуваат сите сметководители и овластени сметководители** (над 6.000) **кои ја извршуваат оваа дејност во државата**. Институтот е основан согласно Законот за вршење сметководствени работи, како правно лице со јавни овластувања. Надзор над работата на ИСОС врши Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија.

Главните законски надлежности и овластувања на ИСОС се да издава и одзема уверенија за сметководители и овластени сметководители, како и лиценци за работа на трговци поединци–сметководители и друштва за вршење сметководствени работи (сметководствени бироа); да ја контролира нивната работа; да води регистри на професионални сметководители и сметководствени бироа и врши електронска размена на податоци од ваквите регистри со Централниот регистар и Управата за јавни приходи; да ги преведува меѓународните сметководствени стандарди и да ја следи примената на меѓународниот Кодекс на етика за професионални сметководители и други.




*„Главната цел на ИСОС е да постави нови повисоки стандарди во струката кои ќе гарантираат висок степен на интегритет и професионализам, ќе ги зголемат угледот и позицијата на сметководството и сметководителите, како и нивната улога и важност за бизнисот и за општеството во целина. За да се постигне тоа, неопходни се одлучни чекори, јасна институционална поддршка и соработка помеѓу сите засегнати страни и партнери во процесот, како и искористување на искуствата на земјите од регионот и пошироко. Со тоа ќе се овозможи натамошен развој на сметководствената дејност*

Продолжува на следната страница...

*и унапредување на статусот на професионалните сметководители во нашата земја и ќе се постават темелите на развојот за следните генерации, кои во оваа дејност ќе гледаат атрактивна и просперитетна професија“*,

**Весна Прентоска** - претседател на ИСОС

## Активности за јакнење на сметководствената професија и примената на МФСИ

**По донесувањето на новиот Закон за вршење сметководствени работи во 2022 година, ИСОС започна неколку значајни процеси во насока на издигнување на сметководствената професија на општественото ниво кое го заслужува**. Првиот значаен процес се однесуваше на ажурирање на податоците во сите регистри, кои согласно законот ги води ИСОС. Овој процес беше значаен за да се добие точна слика за тоа колку сметководители и овластени сметководители ја вршат активно професијата, како и заради овозможување подобра евиденција и управување со сите финансиски текови во државата. Податоците од регистрите беа разменети со Централниот регистар на РСМ, што овозможи јасен увид на тоа кој поднесува завршни сметки, што е од исклучително значење за финансиското известување и текови. Со оглед на тоа што сметководителите се клучната алка помеѓу државата и бизнис-секторот, од особена важност е и државата и стопанството да имаат увид кој врши сметководство, а со тоа се намалува и просторот за злоупотреби и нелојална конкуренција во професијата. Притоа, важно е да се нагласи дека размената на регистрите со Централниот регистар овозможи да се детектираат одредени лица кои со фалсификувани и злоупотребени лиценци поднесуваа завршни сметки. За ваквата негативна појава, од страна на ИСОС беа навремено алармирани надлежните институции. Следниот чекор, согласно законските обврски, е да се изврши размена на податоци од регистри на ИСОС со Управата за јавни приходи, што ќе придонесе кон поефективна борба против даночната евазија и сивата економија.

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

**Вториот значаен процес што го спроведе ИСОС во изминатиот период е преводот на меѓународните стандарди за финансиско известување (МФСИ)** или познати како меѓународни сметководствени стандарди. Актуелните сметководствени стандарди што се применуваат во земјава датираат од 2009 година. Со оглед на тоа што на глобално ниво се прават постојани измени и дополнувања на стандардите, а поради одредени причини тие досега не биле преведувани и воведени во нашата земја, голем дел од компаниите и сметководителите во земјата досега работеа по застарени стандарди. Ова особено предизвикува проблем кај домашните компании кои се дел од поголеми светски групации или се со странски капитал, за што впрочем и јавно се огласи Советот на странски инвеститори при Стопанската комора, со барање за превод и имплементација на најновите меѓународни сметководствени стандарди и во нашата земја. Поради долгогодишниот застој во процесот на имплементација на најновите МФСИ, ИСОС имаше обврска да преведе над 2.000 страници меѓународни сметководствени стандарди кои на почетокот од оваа година беа одобрени од Фондацијата за меѓународни стандарди за финансиско известување (IFRS), по што на 3 април 2024 година Министерството за финансии ги објави во „Службен весник на РСМ“. Со тоа се отвори патот за нивна официјална примена во нашата земја, која согласно законот треба да започне од почетокот на следната година.




*„Воведувањето и употребата на најновите меѓународни стандарди за финансиско известување ќе обезбедат конзистентност на финансиските извештаи на домашните компании со оние што се изготвуваат на глобално ниво, што секако е исклучително значајно за нашиот бизнис-сектор бидејќи со тоа се зголемува неговата ефикасност и конкурентност, креирајќи нови можности за инвестиции и соработка во глобални рамки. Дополнително, од нивната имплементација ќе има придобивки и државата затоа што тоа ќе придонесе за подобра и поефикасна наплата на даноците, како и професионално исполнување на даночните обврски од страна на деловните субјекти. Истовремено, примената на меѓународните сметководствени стандарди и правила, како и доследната примена на Меѓународниот кодекс на етика за професионалните сметководители, значително ќе придонесе за натамошно унапредување*

Продолжува на следната страница...

*на сметководствената професија во нашата земја и нејзино издигнување на исто рамниште со земјите во регионот, во ЕУ и глобално“*,

**Весна Прентоска** - претседател на ИСОС

Во насока на детектирање на можните предизвици во процесот на примена на најновите меѓународни сметководствени стандарди, како и за сите други теми и прашања што ја засегаат сметководствената професија во нашата земја, ИСОС редовно одржува средби и консултации со сите засегнати страни. Целта на овие средби е, преку стручна дискусија, да се мапираат сите можни влијанија на меѓународните сметководствени стандарди врз поединечни сектори од домашната економија. Конкретните сознанија, коментари и предлози што ќе произлезат од ваквите состаноци, по нивното систематизирање, ќе бидат доставени до надлежните институции, кои треба да ги направат неопходните приспособувања во подзаконските акти, со што процесот на имплементација на стандардите ќе биде поефикасен, што е во интерес на сметководствената професија, државата и на корпоративниот сектор.

За да се овозможи натамошно унапредување на работата на сметководителите и да се издигнат значењето и вредноста на оваа професија во општеството, ИСОС ги обнови постојните и воспоставува нови партнерства со голем број институции, високообразовни и научни установи и професионални организации во нашата земја. Македонката банкарска асоцијација (МБА), секако, е една од организациите со кои ИСОС го зајакна своето партнерство, за што е потпишан и меморандум за соработка. Особен акцент во идната соработка помеѓу двете организации ќе биде ставен на активностите што треба да овозможат правилна имплементација на најновите МФСИ. Потпишувањето на меморандумот за соработка со ИСОС го поздрави и претседателката на Македонската банкарска асоцијација, д-р Маја Стевкова Штериева.



*„Правилната примена на најновите меѓународни стандарди за финансиско известување има големо значење за економијата затоа што со тоа се подобруваат ефикасноста и конкурентноста на деловните субјекти, а истовремено креира придобивки и за државата затоа што овозможува подобра контрола на сите финансиски текови и намалување на даночната евазија. Домашните банки веќе ги применуваат овие стандарди, а сега преку оваа соработка и партнерство со ИСОС, добиваат можност да ги споделат своите добри практики и искуства во оваа област и со сметководителите и финансиските менаџери во преостанатите деловни субјекти во земјава“*,

**д-р Маја Стевкова Штериева** - претседател на МБА

## Регионална и меѓународна соработка на ИСОС

Препознавајќи го значењето на размената на знаење и искуства со претставниците на професионалните здруженија од регионот и пошироко, ИСОС започна поинтензивна регионална и меѓународна соработка. За таа цел, **во март 2024 ИСОС ја организира првата регионална конференција на професионални сметководители во земјата** на која присуствуваа околу 300 сметководители, претставници на професионални организации на сметководители и финансиски работници од регионот, на институции, организации и компании од земјава, како и домашни, регионални и меѓународни експерти од областа. Од Конференцијата беше испратена значајна порака дека континуирана едукација и почитување на етичките и професионалните меѓународни стандарди се клучни за статусот и развојот на сметководството.




**Исто така, една од клучните стратешки цели на ИСОС е стекнување на статусот полноправна членка на Меѓународната федерација на сметководители** (IFAC – International Federation of Accountants), глобална организација за сметководствената професија која опфаќа 180 членки и придружни организации во 135 земји (јурисдикции), кои ги застапуваат интересите на повеќе милиони професионални сметководители низ светот. Членството во IFAC ќе значи препознавање и признавање на сметководителите од нашата држава во светот, што значително ќе ја зголеми нивната конкурентност. Исполнувањето на потребните услови за зачленување во IFAC ќе помогне и во развојот на малите и средните сметководствени друштва и нивна поефикасна заштита од нелојална конкуренција во секторот. ■

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ




## ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА МБА, Д-Р МАЈА СТЕВКОВА ШТЕРИЕВА, И ПРЕТСЕДАВАЧОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕСГ, БОГОЈА КИТАНЧЕВ, УЧЕСТВУВАА НА 8. ГЛОБАЛЕН СОСТАНОК НА МРЕЖАТА ЗА ОДРЖЛИВО БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ – SBFN

▪ Македонската банкарска асоцијација како членка на Мрежата за одржливо банкарство и финансии – Sustainable Banking Finance Network (SBFN) учествува на 8. глобален состанок (поддржан од Меѓународната финансиска корпорација IFC – членка на Групацијата на Светска банка, Централната банка на Бразил – Banco Central do Brazil и Бразилската банкарска федерација – FEBRABAN).

Прочитај повеќе...



## МБА И ИСОС СКЛУЧИЈА ПАРТНЕРСТВО ЗА РАЗВОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА И ПРАВИЛНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ

▪ Јакнење на меѓусебната соработка преку искористување на целокупното расположливо знаење и искуство на двете организации, во насока на поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес и дејствување, се главните цели кои треба да се остварат со меморандумот за соработка помеѓу Институтот за сметководители и овластени сметководители (ИСОС) и Македонската банкарска асоцијација (МБА), што го потпишаа претседателката на ИСОС, Весна Прентоска, и претседателката на МБА, д-р Маја Стевкова Штериева.

Прочитај повеќе...



## МБА НА 23. ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА

▪ На 23. годишна конференција на Македонската берза, која се одржа на 19 и 20 септември во Охрид, Македонската банкарска асоцијација ја претставуваа: Горазд Поповски – претседавач на Правната комисија од Стопанска банка АД Скопје, Билјана Момировска – претседавач на Комисијата за ризици од Шпаркасе банка АД Скопје, Благица Здравковска – претседавач на Комисијата за платен промет во земјата и странство од УНИ банка АД Скопје, Антигона Буклеска-Младеновиќ – претседавач на Комисијата за ликвидност од Комерцијална банка АД Скопје, Кристина Трпезановска – заменик-претседавач на Комисијата за информативна сигурност и член на Комисијата за ризици од Прокредит банка АД Скопје, и Сања Гичевска – Докмановиќ – член на Комисијата за ЕСГ од Комерцијална банка АД Скопје.

Прочитај повеќе...



## ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ТЕМА „ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ & ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА“ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА ЗА ДОКУМЕНТАРНО РАБОТЕЊЕ

▪ На 18.9.2024 година, во просториите на Македонската банкарска асоцијација се реализира двочасовна презентација од страна на Клириншка куќа КИБС на тема „Доверливи услуги и електронска идентификација“.

Прочитај повеќе...

# ЕДУКАТИВНО КАТЧЕ




## MiCreS проект Работен пакет 2 – Развој на инфраструктура за професионална акредитација на микро-акредитиви

▪ Македонската банкарска асоцијација, како дел од тимот на MiCreS проектот, со задоволство го споделува Работниот пакет 2 (WP2).

WP2 е фокусиран на развој на инфраструктурата неопходна за професионална акредитација на микроакредитиви.

Прочитај повеќе...



## Одржан втор работен состанок за MiCreS проектот

▪ На 25 и 26 септември, во Барселона, Шпанија, во организација на Instituto de Estudios Financieros (IEF) се одржа втор работен состанок за MiCreS проектот на кој од Македонската банкарска асоцијација присуствуваше Јована Лозановска, одговорно лице на Одделението за едукација. MiCreS проектот е координиран од Франкфуртската школа за финансии и менаџмент, со учество на 13 партнери од европски и други земји.

На состанокот, централен фокус имаа понатамошните фази од проектот, конкретно работните пакети 2 и 3. Работниот пакет 2 се однесува на дизајн и развој на инфраструктура за создавање професионална ознака, валидација и признавање на трансевропски микроакредитиви за финансискиот сектор, а работниот пакет 3 е наменет за развој на прототип на т.н. „зелен“ микроакредитив кој ќе биде тестиран во рамките на три пилот-земји.

Прочитај повеќе...

## КОРИСНИ ЛИНКОВИ

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
https://www.nbrm.mk/

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
https://finance.gov.mk/

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
https://www.sec.gov.mk/

МАКЕДОНСКА БЕРЗА
https://www.mse.mk/

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
http://www.cdhv.mk/

===============

АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА
https://ecommerce.mk/

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
https://opm.org.mk/

===============

ЕВРОПСКА БАНКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА / EBF- EUROPEAN BANKING FEDERATION
https://www.ebf.eu/

БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на ЦЕНТРАЛНА и ИСТОЧНА ЕВРОПА / BACEE - BANKING ASSOCIATION FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE
https://bacee.hu/

*Ставовите искажани во овој билтен се лични ставови на авторите. МБА не презема никаква одговорност за веродостојноста и оригиналноста на доставените текстови.

Издава:
Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење **МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА** Скопје

*Главен и одговорен уредник:*
**Милена Перчинкова,**
извршен секретар

*Лектор:*
**Ивана Кузманоска**

**МБА Е-билтен,**
31.10.2024

ISSN 2671-3772

Октомври 2024
#15